| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | УПВОУП за електричен кабел од 110 kV, од приклучна точка на постојна трафостаница ТС 110/Х KV Осломеј до проектен опфат за Осломеј 3.2 во општина Кичево |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Силвана Вановска, диа |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Костурски Херои бр. 15/1-1А, Скопје<br>тел. 078/312-795 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за електричен кабел од 110 kV, од приклучна точка на постојна трафостаница „ТС 110/Х кV Осломеј“ до проектен опфат за Осломеј 3.2 во Општина Кичево е во согласност со член 59 став 6 точка 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20, како и член 58 став 3 точка 13 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), каде може да се уредуваат поединечни градби како што се инфраструктурни водови за поединечни градби. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да X<br>Не ☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Предметната локација за УПВОУП за електричен кабел од 110 кV, од приклучна точка на постојна трафостаница ТС 110/Х КV Осломеј до проектен опфат за Осломеј 3.2 во општина Кичево до сега не е опфатен со урбанистичка документација. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање и енергетика. | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Просторот дефиниран за изработка на УПВОУП за поставување на електричен кабел зафаќа површината од 0.62 ха и е со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија. Локацијата нема конфликт со постојните и планирани комуникациски водови. Должината на кабелската траса изнесува сса 3,2 км. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за поставување на електричен кабел од новопланирана трафостаница на фотоволтаична електрана до приклучна точка на ЕСМ. Реализацијата на предвидениот електричен кабел ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје. | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Планирање на просторот. | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| 2022 година. | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| / | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | | |

Границите на проектниот опфат се:
На север започнува да се движи јужно низ дел од КП 835, КО Жубрино, потоа продолжува источно и се надоврзува на дел од КП 828, КО Жубрино (постоен пат).
На исток продолжува да се движи низ дел од КП КП 828, КО Жубрино (постоен пат), потоа поминува покрај западната страна на КП 688, КО Жубрино, продолжува да се движи јужно низ дел од КП 828, КО Жубрино и поминува покрај западната страна на КП 736, КО Жубрино. Продолжува да се движи по западната граница на КП 734, КО Жубрино и по дел од западната граница на КП 733, КО Жубрино. Потоа јужно се надоврзува на дел од западната граница на КП 769/2, КО Жубрино, продолжува јужно по западната граница на КП 770, КО Жубрино и дел од западната граница на КП 771, КО Жубрино. Продолжува јужно да се движи низ дел од КП 828, КО Жубрино (постоен пат) и потоа преминува на исток низ дел од КП 883/2, КО Осломеј, низ дел од КП 390, КО Осломеј и продолжува низ дел од КП 877, КО Осломеј. Источно продолжува да се движи низ дел од КП 885, КО Осломеј, потоа јужно поминува низ дел од КП 882, КО Осломеј и низ дел од КП 2458, КО Србица-вонград. Југозападно, продолжува низ дел од КП 2459/1, КО Србица-вонград, поминува низ дел од КП 2455, КО Србица-вонград, низ дел од КП 2459/3, КО Србица-вонград, низ дел од КП 2458, КО Србица-вонград, низ дел од КП 882, КО Осломеј. Потоа продолжува југозападно низ дел од КП 886, КО Осломеј, дел од КП 888, КО Осломеј, дел од КП 877, КО Осломеј, минува низ дел од КП 887, КО Осломеј и дел од 708, КО Осломеј. Преминува на исток и продолжува низ дел од КП 877, КО Осломеј, потоа поминува низ источниот дел од КП 682 и КП 681, КО Осломеј. Продолжува источно низ дел од КП 677, КО Осломеј, низ дел од КП 1632/2, КО Шутово, низ дел од КП 1614, КО Шутово, дел од КП 1632/4, КО Шутово, дел од КП 1615/1, КО Шутово. Продолжува на исток низ дел од КП 1632/6, КО Шутово.
На југ продолжува низ дел од КП 1632/6, КО Шутово, продолжува западно низ дел од КП 1615/1 и дел од КП 1632/4, КО Шутово и продолжува северно да се движи со западната граница на проектниот опфат.
На запад границата на проектниот опфат продолжува да се движи северно низ дел од КП 1614 и дел од КП 1632/2, КО Шутово. Потоа, минува низ дел од КП 677, КО Осломеј, дел од КП 877, КО Осломеј и продолжува низ источниот дел на КП 680, КП 681, КП 682 и КП 887, КО Осломеј. Продолжува северно да се движи, низ дел од КП 877, КО Осломеј, потоа продожува западно и минува низ дел од КП 708, КО Осломеј, минува низ источниот дел на КП 887, КО Осломеј. Преминува североисточно и поминува низ дел од КП 888, КО Осломеј и продолжува да се движи низ дел од КП 886, КП 882, КП 2458, КО Осломеј и низ 2459/3, КП 2455, КП 2459/1 и КП 2458, КО Србица-вонград. Потоа, минува низ дел од КП 882, низ дел КП 877, дел од КП 390 и низ дел од КП 883/2, КО Осломеј. Потоа, западно продолжува да се движи низ дел од КП 877, КО Осломеј (постоен пат) и продолжува да се движи во рамките на истата катастарска парцела. Северно се надоврзува на дел од КП 828, КО Жубрино (постоен пат) и продолжува да се движи низ дел од истата парцела, потоа преминува западно и северно во дел од КП 835, КО Жубрино каде завршува границата на проектниот опфат.
Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 0.62 ха (6232.8234$м^2$).


Бара
Осломеј
Осломеј
Србица
Кичево
Електричен
кабел 110 kV
Поксишта
Премка
Y19606
Y00121
Шутово
Камени
663
728
684
649
653



Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да √
Не

Дали е приложена копија од целите?

Да ☐
Не √

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: Несоодветното управување со генерираниот отпад.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација за изградба на инфраструктурен објект, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектот се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираниот објект долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Градот Кичево како урбан центар се наоѓа на надморска височина од 620-650 метри. Според Пописот на населението во 2002 година општина Кичево има 30.138 жители.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Сите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги меѓу која е и пренос на електрична енергија.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на УПВОУП за електричен кабел од 110 кV, од приклучна точка на постојна трафостаница ТС 110/Х КV Осломеј до проектен</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | опфат за Осломеј 3.2 во општина Кичево нема евидентирано природно наследство.<br>Според податоци добиени од Министерство за култура - Управа за заштита за културно наследство, констатирано е дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, со напомена дека доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема гранични вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Од аспект на интензивна употреба на земјиштето просторот претставува неизградено земјиште. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Преставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на живеењето и животната средина. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Не. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).<br>Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот ќе допринесе за развој во општина Кичево, од аспект на зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.<br>Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во други планирани инфраструктурни објекти;<br>Вода: на предметната локација нема да се генерираат отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со отпад генериран во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.<br>Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од природно, културно и историско значење.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз: |

| |
|---|
| - Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Неправилно управување со комуналниот отпад може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Овој план е поврзан со: Просторен план на РМ; Национален план за управување со отпад; Национална стратегија за одржлив развој; Втор национален еколошки акционен план на РМ; Стратегија за демографски развој на РМ; Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина; Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставаат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Благој Бочварски |
| Бр. 21-2715/13<br>Датум: 07.11.2020год.<br>Место: Скопје | М.П. |